Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Државен инспекторат за животна средина - Скопје

[redacted]

ИП1 бр.29-132
07.04.2025г.
Скопје

**Република Северна Македонија
Министерство за животна
средина и просторно планирање
Државен Инспекторат
за животна средина-Скопје**

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

**Државниот инспекторат за животна средина-Скопје,** преку Државниот инспектор за животна средина-советник Мите Начев од Скопје со службена легитимација бр. 06-0012, врз основа на член 83 од Законот за инспекциски надзор (Сл.Весник на Р.Македонија бр.50/11...102/19), член 33 од од Закон за инспекциски надзор во животната средина (Сл.Весник на Р.Северна Македонија бр.99/22) и член 200 став (2) од Законот за животна средина (Сл.Весник на Р.Северна Македонија бр. 53/2005 бр.89/22) и Законот за управување со отпад (Сл.Весник на Р.Северна Македонија бр.216/21) по извршениот редовен инспекциски надзор на 03.04.2025 год. во фабриката за одгледување на канабис и екстракција на масло од цветот на канабис на ДППТУ. Алпхапхарм Гроуп ДОО Скопје на Бул. Борис Трајковски бр.73, зграда 95, (ОХИС-Скопје) Кисела вода-Скопје, застапувано од управителот Иван Дагниќ, во врска со Решението за одобрување на елаборатот бр.11-344/2 од 19.03.2025 год., а заради отстранување на недостатоците утврдени во записникот ИП1 бр.29-132 од 03.04.2025г. донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

1) Се задолжува **ДППТУ. Алпхапхарм Гроуп ДОО Скопје** во фабриката за одгледување на канабис и екстракција на масло од цветот на канабис на Бул. Борис Трајковски бр.73, зграда 95, (ОХИС-Скопје) Кисела вода-Скопје, застапувано од управителот Иван Дагниќ :

- Да поднесе барање до МЖСПП за добивање на А-ИЕД .

Рок за отстранување на недостатоците е **90 (девеесет)** дена од приемот на решението.

- Да изврши анализа на отпадните води што се испуштаат во канализациската мрежа.

Рок за отстранување на недостатоците е **15 (петнаесет) дена** од приемот на решението.

- Да достави годишен извештај за постапување со отпадот за 2024 година до МЖСПП и програма за постапување со отпадот наредните 3 години, согласно чл. 27 и чл. 29 од Законот за управување со отпад.

Рок за отстранување на недостатоците е **15 (петнаесет) дена** од приемот на решението.

- Да склучи договор со колективен постапувач за отпад од пакување.

Рок за отстранување на недостатоците е **15 (петнаесет) дена** од приемот на решението.

Рок за отстранување на недостатоците е **90 (девеесет) дена** од приемот на решението.

2) Доколку Државниот инспектор за животна средина, утврди дека не се постапува согласно Решението, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка до надлежен орган, согласно членот 200 став 4 од Законот за животна средина.

[redacted]

**Република Северна Македонија**
**Министерство за животна средина и просторно планирање**
**Државен Инспекторат за животна средина-Скопје**

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина - Скопје, преку Државниот инспектор за животна средина-советник Мите Начев од Скопје со службена легитимација бр. 06-0012 на ден 03.04.2025 год.,изврши редовен инспекциски надзор во врска со Решението за одобрување на елаборатот за животна средина бр. 11-344/2 од 19.03.2025 год. во фабриката за одгледување на канабис и екстракција на масло од цветот на канабис на ДППТУ. Алпхапхарм Гроуп ДОО Скопје на Бул. Борис Трајковски бр.73, зграда 95, (ОХИС-Скопје) Кисела вода-Скопје, застапувано од управителот Иван Дагниќ, при што констатира дека ДППТУ. Алпхапхарм Гроуп ДОО Скопје во фабриката за производство на сув цвет од медицински канабис и различни видови на екстракти од медицински канабис има проектиран капацитет на производство на 4000 кг. Влажна маса од растението канабис, 800 кг. Сув цвет и 40 литри масло од цветот на растението за медицински цели.За оваа дејност има изработено елаборат за заштита на животната средина, за кој од МЖСПП има добиено Решение за одобрување на елаборатот за животна средина бр.11-344/2 од 19.03.2025 год.

Фабриката до сега врши само производство на растението канабис за медицински цели, а со производство на различни видови на екстракти од цветот на канабис сеуште нема започнато.

Отпадот од растителната маса од производството на растението канабис се уништува на два начина. Еден начин е со закопување на растителната маса која не содржи ТНС , во јама во кругот на фабриката, а вториот начин на уништување е со согорување во депонија Дрисла на растителната маса од канабисот која содржи ТНС. Во прилог е доставен Договор со ЈП Депонија Дрисла Скопје бр.03-1339/2 од 14.10.2024 год.за согорување на производи кои содржат ТХЦ и други канабиноиди.

Годишен извештај за постапување со отпадот за 2024 година нема доставено до МЖСПП заклучно со 31.01.2025 година.

Нема изработено програма за постапување со отпадот за наредните три години, согласно членот 27 и член 29 од Законот за управување со отпад.

За собирање на комуналниот отпад има склучено договор со Комунална Хигиена Скопје, а за собирање на пластичниот отпад нема склучено договор со овластен собирач, исто така нема склучено договор за отпад од пакување со колективен постапувач.

Со вода се снабдува од водоводна мрежа на градски водовод, а отпадната вода од перење на објектот и фекалната вода се испушта во канализационата мрежа на ОХИС-Скопје. До сега не е направена анализа на отпадната вода што се испушта во канализациската мрежа.

ДППТУ. Алпхапхарм Гроуп ДОО Скопје до сега нема поднесено барање до МЖСПП за добивање А-Интегрирана еколошка дозвола.

Согласно горенаведеното се постапи како во диспозитивот на Решението.

[redacted]

**Република Северна Македонија**
**Министерство за животна средина и просторно планирање**
**Државен Инспекторат за животна средина-Скопје**

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

**Правна поука**: Против ова Решение согласно со членот 208 став 8 од Законот за животна средина може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка.

Жалбата се таксира со 250 денари административни таксени марки и се поднесува во два примероци.

Решено во Државниот Инспекторат за животна средина под ИП1 број 29-132 од 07.04.2025г.

**Доставено до :**

- Архива
- ДППТУ. Алпхапхарм Гроуп ДОО Скопје
Бул. Борис Трајковски бр.73, зграда 95, (ОХИС-Скопје) Кисела вода-Скопје,

**ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР**
**ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
Мит[illegible]ев